ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј

за состојбата во центрите за социјална работа во

Република Северна Македонија во 2023 година

- услуги и постапки од проблематика брак и семејство -

Скопје, јули 2024 година

СОДРЖИНА

1.ВОВЕД ..... 3

2. ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО 2023 ГОДИНА ..... 4

2.1. СОСТОЈБА ВО ЦСР ВО 2023 ГОДИНА НА ПОСТАПКИ ВО СУДСКА НАДЛЕЖНОСТ ..... 5

*2.1.1. Мировна постапка и доверување на дете ..... 6*

*2.1.2. Постапување на центар за социјална работа при склучување на брак на малолетно лице кое наполнило шеснаесет години ..... 7*

*2.1.3. Одземање на родителското право ..... 8*

2.2. СОСТОЈБА ВО ЦСР ВО 2023 ГОДИНА НА ПОСТАПКИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ..... 9

*2.2.1. Постапка на пружање стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи ..... 10*

*2.2.2. Постапка за доверување на дете родено во вонбрачна заедница ..... 12*

*2.2.3. Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кој не живее ..... 13*

*2.2.4. Надзор на вршење над родителско право ..... 15*

*2.2.5. Согласност за патување на дете во странство ..... 17*

*2.2.6. Услуга на советување во ЦСР ..... 18*

2.3. ДРУГИ ПОСТАПКИ ВО 2023 ГОДИНА ВО КОИ ЦСР ПОСТАПУВА ..... 20

*2.3.1.Постапка за согласност за издавање на патна исправа на дете ..... 20*

*2.3.2. Постапки во ЦСР по Хашка конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување на деца ..... 21*

3. ЗАКЛУЧОЦИ ..... 23

4. ПРЕПОРАКИ ..... 25

# 1.ВОВЕД

ЈУ Завод за социјални дејности е јавна установа за унапредување на социјалната заштита со законски надлежности за следење, истражување и анализа на социјалните појави и проблеми, надзор и супервизија на стручната работа, континуирана професионална едукација, развој на стандарди и процедури за стручно постапување и лиценцирање на стручни работници во установи за социјална заштита и други даватели на социјални услуги во системот на социјалната заштита.

Центар за социјална работа (во продолжение центар/ЦСР) е јавна установа за социјална заштита со јавни овластувања и врши работи од социјална заштита на подрачје на една или повеќе општини и со примена на методите на стручната, советодавната и советовалишната работа ги врши работите поврзани со заштита и помош на семејството. Во одреден дел центарот, покрај надлежности определени во националното законодавство постапува и по меѓународни конвенции на начин како во е нив е определено.

Во Република Северна Македонија постојат триесет центри за социјална работа, а една од надлежности е детектирање на социјални ризици и преземање на мерки на помош и заштита на лица во социјален ризик, со посебна заштита на децата. Центарот спроведува постапки на лично барање, по барање на надлежни суд и други институции, по барања и пријави од граѓани и здруженија, по анонимни пријави и по службена должност.

ЈУ Завод за социјални дејности спроведува активности за утврдување на состојбата на бројот и обемот на постапки и услуги на стручна помош и мерки на заштита на детето на областа, односно проблематика на бракот и семејство. Изворот на податоците се Годишните извештаи за работа на центрите за социјална работа за извештајната 2023 година.

Предмет на извештајот се податоци кои се однесуваат постапките на проблематиката на бракот и семејството во добиени податоци од 29 центри за социјална работа во РСМ од вкупно 30, односно без податоци на ЈУМЦСР Гостивар кои не се доставени.

## 2. ПОСТАПКИ ВО ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО 2023 ГОДИНА

Основни постапки кои се во надлежност на центарот за социјална работа согласно законската регулатива, а се однесуваат на ризици во брак, партнерски и семејни односи, родителски односи и однос родител-дете, се услуги на советување и на стручна помош, а се постапува по лично барање, барање од друго лице од семејството, граѓанин, институција,здружение, анонимна пријава и др.

Во заштита на интересите и правата на детето главна цел на државата е да обезбеди во најголема можна мерка, услови за правилен раст и развој на детето во хармонична семејна средина во секој поглед. Родителите се должни да обезбедат оптимални услови за здрав раст и правилен психофизички развој на детето во семејството и во општеството. Одговорно родителство подразбира нивна обврска за соодветна грижа во подигање, чување, воспитание, образование на детето, грижа за неговата личност и имот како и за други потреби на детето, односно за сите негови права и интереси. Особено во услови на разделеност или развод на бракот, родителите се должни да овозможат двата родитела да учествуваат во животот на детето во вршење на родителското право и должности, меѓу другото и непречено да одржуваат лични односи и непосредни контакти со родителот со кој не живее, вклучувајќи ги и блиските сродници.

Предмет на извештајот се одредени постапки од областа на брак и семејство кои во 2023 година биле спроведени во центрите за социјална работа, и тоа:

*Постапки во судска надлежност*:

- Мировна постапка и мислење за доверување на дете
- Склучување на брак на малолетно лице над 16 години
- Одземање на родителското право

*Постапки во надлежност на центар за социјална работа*:

- Постапка на стручна помош и поддршка при нарушени партнерски, брачни и семејни односи
- Доверување на дете родено во вонбрачна заедница
- Уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник со кој не живее
- Надзор над вршењето на родителското право
- Согласност за патување на дете во странство и
- Услуга на советување во ЦСР

*Други постапки во кои ЦСР постапува*:

- Согласност за издавање на патна исправа на дете
- Постапување за враќање на дете по Хашка конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување на деца

Покрај наведените постапки центар за социјална работа како орган за старателство постапува и во други ситуации по национално и меѓународно законодавство кога е потребно да се остварат или заштитат права и интереси на детето, како што се: измена на судска одлука за доверување на дете, судска привремена мерка за доверување на дете, определување или промена на име/презиме на детето, утврдување или оспорување на татковството/мајчинството, заштита на имот на детето и право на издршка и др.

**Табела 1 Преглед на број на постапки во ЦСР во 2023 година на областа брак и семејство**

| ПОСТАПКИ ВО ЦСР | Вкупно |
|---|---|
| Постапки во судска надлежност | 2722 |
| Постапки во надлежност на ЦСР | 4337 |
| Други постапки | 982 |
| **Вкупно** | **8041** |

Од податоците во табелата 1 може да се констатира дека од вкупно 8041 постапка, најмногу постапки во извештајната 2023 година се однеусваат на постапки кои се во законска надлежност за одлучување во центар за социјална работа кои се и најбројни, потоа постапки во судска надлежност и како трето постапки во кои ЦСР учествува по барање на друг орган или самиот покренува постапка по службена должност.

## 2.1. СОСТОЈБА ВО ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО 2023 ГОДИНА НА ПОСТАПКИ ВО СУДСКА НАДЛЕЖНОСТ

Предмет на извештајот се три постапки во надлежност на суд во донесување на одлука, односно решение и во кои центар за социјална работа е вклучен преку спроведување на стручна работа.

**Табела 2 Преглед на број на постапки во ЦСР во 2023 година кои се во судска надлежност за одлучување**

| ПОСТАПКИ ВО СУДСКА НАДЛЕЖНОСТ | |
|---|---|
| Мировна постапка и доверување на дете | 2585 |
| Стручна помош при склучување на брак на малолетно лице над 16 г. | 83 |
| Одземање на родителско право | 54 |
| **Вкупно** | **2722** |

### 2.1.1. Мировна постапка и доверување на дете

Согласно Законот за семејството постапката за мирење на брачни партнери по судско барање се спроведува во центарот за социјална работа кога еден од партнерите поднел тужба за развод на брак, или пак кога двајцата партнери поднеле тужба за спогодбен развод на брак.

Во случаи на заеднички деца, се работи на усогласување на родителите за доверување на детето/децата на еден од родителите. При несупешна мировна постапка, согласно надлежноста центарот за социјална работа должен е да ги заштити правата и интересите на детето преку проценка на капацитетите и подобноста на родителите за доверување на детето на чување и воспитување и до судот доставува извештај за исходот од постапката за мирење со предлог на мислење за доверување на детето.

**Табела 3 Преглед на бројот на мировни постапки во ЦСР во 2023 година**

| Центар за социјална работа | Број на постапки |
|---|---|
| Берово | 17 |
| Битола | 117 |
| Валандово | 46 |
| Велес | 112 |
| Виница | 30 |
| Гевгелија | 32 |
| Дебар | 30 |
| Делчево | 20 |
| Д.Хисар | 11 |
| Кавадарци | 51 |
| Кичево | 48 |
| Кочани | 48 |
| Кратово | 5 |
| К.Паланка | 13 |
| Крушево | 7 |
| Куманово | 212 |
| М.Брод | 2 |
| Неготино | 45 |
| Охрид | 43 |
| Прилеп | 86 |
| Пробиштип | 34 |
| Радовиш | 36 |
| Ресен | 9 |

| | |
|---|---|
| Св.Николе | 29 |
| Скопје | 1062 |
| Струмица | 169 |
| Струга | 54 |
| Тетово | 145 |
| Штип | 72 |
| Вкупно | 2585 |

Од увидот во податоците во табелата 3 се забележува дека во 2023 година во 29 центри за социјална работа биле спроведени вкупно 2585 мировни постапки .По однос на центри за социјална работа, најмногу постапки биле спроведени во Центар за социјална работа на град Скопје, и тоа 41% од вкупниот број, потоа следат центри во поголеми градови: Куманово (8%), Струмица (7%),Тетово (6%) и Битола (5%).

### 2.1.2. Постапување на центар за социјална работа при склучување на брак на малолетно лице кое наполнило шеснаесет години

Согласно Законот за семејство, брак може да склучи лице со наполнети 18 години, а судот може да одобри склучување на брак и за лица со наполнети 16 години доколку достигнале духовна и телесна зрелост потребна за вршење на правата и должностите што настануваат во брак. Во вакви ситуации мислење треба да даде соодветна здравствена установа, како и спроведување на советодавна работа со идни брачни партнери во центар за социјална работа.

**Табела 4 Преглед на број на постапки во ЦСР во 2023 година по судско барање за склучување на брак на малолетно лице над 16 години**

| Центар за социјална работа | Број на постапки |
|---|---|
| Берово | 1 |
| Битола | 5 |
| Валандово | 0 |
| Велес | 10 |
| Виница | 3 |
| Гевгелија | 2 |
| Дебар | 4 |
| Делчево | 0 |
| Д.Хисар | 0 |
| Кавадарци | 1 |
| Кичево | 1 |
| Кочани | 4 |
| Кратово | 0 |
| К.Паланка | 0 |
| Крушево | 2 |

| | |
|---|---|
| Куманово | 0 |
| М.Брод | 0 |
| Неготино | 0 |
| Охрид | 1 |
| Прилеп | 9 |
| Пробиштип | 0 |
| Радовиш | 4 |
| Ресен | 0 |
| Св.Николе | 1 |
| Скопје | 13 |
| Струмица | 12 |
| Струга | 0 |
| Тетово | 5 |
| Штип | 5 |
| Вкупно | 83 |

Доколку се анализира состојбата во 2023 година, евидентно од табелата 4 од вкупно 29 центри во 18 имало постапки за советување по судско барање при склучување на малолетнички брак, од кои најмногу во Скопје (13), Струмица (12) и Велес (10).

### 2.1.3. Одземање на родителското право

Постапката за одземање и враќање на родителското право е во надлежност на судот и се покренува од страна на ЦСР или другиот родител доколку има аргументи за злоупотреба, занемарување на вршењето на родителското право кон едно или повеќе заеднички деца.

**Табела 5 Преглед на број на предмети во ЦСР во 2023 година со постапка за одземање на родителско право**

| Центар за социјална работа | Број на постапки |
|---|---|
| Берово | 0 |
| Битола | 1 |
| Валандово | 0 |
| Велес | 0 |
| Виница | 0 |
| Гевгелија | 1 |
| Дебар | 0 |
| Делчево | 1 |
| Д.Хисар | 0 |
| Кавадарци | 0 |
| Кичево | 0 |
| Кочани | 0 |

| | |
|---|---|
| Кратово | 0 |
| К.Паланка | 0 |
| Крушево | 0 |
| Куманово | 0 |
| М.Брод | 0 |
| Неготино | 0 |
| Охрид | 0 |
| Прилеп | 0 |
| Пробиштип | 0 |
| Радовиш | 0 |
| Ресен | 0 |
| Св.Николе | 6 |
| Скопје | 27 |
| Струмица | 12 |
| Струга | 0 |
| Тетово | 6 |
| Штип | 0 |
| **Вкупно** | **54** |

Во 2023 година евидентирани се вкупно 54 постапки за одземање на родителското право во следниве седум центри за социјална работа, и тоа во : Скопје (27), Струмица (12), Свети Николе (6), Тетово (6), (Битола (1), Гевгелија (1), Делчево (1). Најголем број постапки повторно се воделе во Центарот за социјална работа на град Скопје или 50% од вкупно 54 спроведени постапки за одземање на родителското право.

## 2.2. СОСТОЈБА ВО ЦЕНТРИ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ВО 2023 ГОДИНА НА ПОСТАПКИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

Законски надлежности на центар за социјална работа во областа на бракот и семејството, покрај други национални и меѓународни регулативи, во најголем дел се определедни со Законот за семејството и Законот за социјалната заштита.

Тема на извештајот се дел од постапките кои се спроведуваат во центарот за социјална работа за кои, покрај спроведување на услуга на стручна помош, центарот има исклучива надлежност на одлучување со донесување на управен акт/решение.

**Табела 6 Преглед на број на постапки во надлежност на ЦСР во 2023 година**

| **Постапки во надлежност на ЦСР** | |
|---|---|
| Стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи | 768 |
| Доверување на дете родено во вонбрачна заедница | 314 |
| Уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник | 2743 |
| Надзор над вршење на родителското право | 302 |
| Согласност за патување на дете во странство | 210 |
| **Вкупно** | 4337 |

Покрај овие постапки наведени во табелата 6, во центрите за социјална работа се дава и услуга на советување при што стручните работници во центар за социјална работа работат на мотивација на корисниците за вклучување во советувалишна работа во рамките на ЦСР и/или во други ресурси кои нудат услуги од областа на бракот и семејството заради надминување на неповолна партнерска, брачна и семејна состојба.

**Табела 7 Преглед на број на услуги на советување во ЦСР во 2023 година**

| **Услуги на советување во ЦСР** | | |
|---|---|---|
| Подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско при нарушени односи | При развод на брак | Вкупно |
| 902 | 2514 | 3416 |

Според податоците во табела 7 евидентно е дека во текот на 2023 година во 29-те центри за социјална работа во РС Македонија, вкупно се реализирале 3416 услуги на советување, од кои 75% се однесуваат на корисници во бракоразводна постапка.

### 2.2.1. Постапка на пружање стручна помош и поддршка при нарушени партнерски/брачни/семејни односи

Постапката за стручна помош и поддршка за надминување на нарушени брачни и семејни односи е во насока на превенција и детектирање на ризици кои можат да произлезат доколку проблемите благовремено не се надминат или ублажат. Во извештајниот период за 2023 година во 29 центри во РСМ вкупно е постапувало по 768 барања за стручна помош и поддршка за надминување на брачен/вонбрачен конфликт и при други нарушени семејни состојби.

**Табела 8 Преглед на бројот на предмети во ЦСР во 2023 година за стручна помош при нарушени брачни/партнерски/семејни односи**

| Центар за социјална работа | Број на постапки |
|---|---|
| Берово | 5 |
| Битола | 55 |
| Валандово | 45 |
| Велес | 0 |
| Виница | 1 |
| Гевгелија | 20 |
| Дебар | 5 |
| Делчево | 25 |
| Д.Хисар | 9 |
| Кавадарци | 1 |
| Кичево | 13 |
| Кочани | 12 |
| Кратово | 5 |
| К.Паланка | 22 |
| Крушево | 14 |
| Куманово | 13 |
| М.Брод | 5 |
| Неготино | 6 |
| Охрид | 41 |
| Прилеп | 6 |
| Пробиштип | 6 |
| Радовиш | 3 |
| Ресен | 6 |
| Св.Николе | 14 |
| Скопје | 256 |
| Струмица | 160 |
| Струга | 4 |
| Тетово | 6 |
| Штип | 10 |
| Вкупно | 768 |

По однос на центрите за социјална работа, видно од табелата 8 за постапката на помош во надминување на партнерски конфликти најголем број барања или 33% се евидентирани во Центарот за социјална работа на град Скопје, потоа следува центарот во Струмица со 21% спроведени постапки од кои поголем број биле иницирани преку пријави добиени од МВР по поднесени поплаки од корисници за нарушени брачни, вонбрачни односи и семејни односи кои се евидентирани во центарот и по кои било постапувано.

Услугата на стручна помош за наминување на партнерски конфликт во центарот за социјална работа во Битола била пружена за 55 предмети, во Валандово (45), Охрид (41), Делчево (25), К.Паланка (22) и Гевгелија (20). Само во центарот за социјална работа Велес немало постапки кои се евидентирани како надминување на партнерски конфликт.

### 2.2.2. Постапка за доверување на дете родено во вонбрачна заедница

Центарот за социјална работа има законска надлежност за уредување на статусот на дете родено во вонбрачна заедница во однос на доверување на детето. Во рок од два месеци доколку родителите кои не живеат заедно не се спогодат кај кого од нив детето ќе остане на чување и воспитание или договорот на родителите не е во интерес на детето решение за тоа ќе донесе центарот за социјална работа.

**Табела 9 Преглед на број на постапки во ЦСР во 2023 година за доверување на дете родено во вонбрачна заедница**

| Центар за социјална работа | Број на постапки |
|---|---|
| Берово | 2 |
| Битола | 10 |
| Валандово | 0 |
| Велес | 7 |
| Виница | 5 |
| Гевгелија | 4 |
| Дебар | 3 |
| Делчево | 1 |
| Д.Хисар | 0 |
| Кавадарци | 2 |
| Кичево | 3 |
| Кочани | 6 |
| Кратово | 0 |
| К.Паланка | 0 |
| Крушево | 1 |
| Куманово | 25 |
| М.Брод | 0 |
| Неготино | 3 |
| Охрид | 1 |
| Прилеп | 11 |
| Пробиштип | 0 |
| Радовиш | 3 |
| Ресен | 0 |
| Св.Николе | 1 |
| Скопје | 60 |

| | |
|---|---|
| Струмица | 136 |
| Струга | 0 |
| Тетово | 15 |
| Штип | 15 |
| **Вкупно** | **314** |

Од податоците во табелата 9 евидентно е дека во 29 центри за социјална работа биле спроведени 314 постапки за доверување на дете родено во вонбрачна заедница. Оваа постапка е најзастапена во Центарот за социјална работа Струмица, и тоа 43% од вкупно спроведени постапки, потоа следува Скопје (60), Куманово (25), Штип (15) и Тетово (15). За оваа постапка немало барање во центрите за социјална работа во Валандово, Д.Хисар, Кратово, К.Паланка, М.Брод, Пробиштип, Ресен и Струга.

### 2.2.3. Постапка за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/блиски сродници со кој не живее

Детето има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кој не живее. Доколку родителите не се спогодат околу начинот за одржување на тие контакти тогаш центарот за социјална работа согласно закон спроведува постапка. Доколку во текот на постапката родителите не се усогласат околу начинот на одржување на контактите, центарот во рок од два месеци носи решение и ги уредува личните односи и непосредни контакти на детето со родителот со кој не живее. Освен со родителот со кој не живее детето со закон има право да одржува контакти со блиските сродници во определени ситуации кога родителот е спречен и не го врши родителското право.

Во текот на постапката по укажана стручна советодавна и советувалишна помош родителите може да постигнат усмен договор или спогодба за начинот на одржување на контактите. Во крајна инстанца кога нема услови за договор, а родителите имаат спротивставени ставови центарот носи решение со кое се определува начинот и динамиката на контакти на дете со родител или со близок сродник. Во исклучителни ситуации центарот донесува решение со кое определува контактите на дете со родител или со близок сродник да се одржуваат под надзор на стручни лица во службени простории на центрите за социјална работа. На тој начин центарот непосредно ги следи видувањата и на корисниците пружа директна помош и поддршка за ревоспоставување на односи и градење на релации. Најчесто ваквиот вид на уредување на контакти е од времен карактер се до создавање на услови за одржување на видувања во природна средина и вон центарот за социјална работа.

Податоците во табелата 9 укажуваат на тоа дека во 2023 година во 29 центри за социјална работа во државата биле спроведени вкупно 2743 постапки за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник. Од вкупниот број на постапки за контакти, 2596 се однесуваат на

контакти на дете со родител со кој не живее, а 5% или 151 се контакти со блиски сродници. Оваа состојба, како и за други постапки се однесува на нови постапки во 2023 година и на постапките кои биле спроведени во претходен период (пренесени предмети), а се следат и се активни во извештајната година, што ја појаснува голема бројка во помали центри за социјална работа како што е Радовиш.

**Табела 10 Преглед на број на постапки во ЦСР за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител/близок сродник во 2023 година**

| Центар за социјална работа | Број на постапки во 2023 со спогодба и решение | | |
|---|---|---|---|
| | Со родител | Со близок сродник | Вкупно |
| Берово | 46 | 0 | 46 |
| Битола | 73 | 3 | 76 |
| Валандово | 18 | 0 | 18 |
| Велес | 68 | 4 | 72 |
| Виница | 44 | 2 | 46 |
| Гевгелија | 48 | 1 | 49 |
| Дебар | 32 | 0 | 32 |
| Делчево | 12 | 1 | 13 |
| Д.Хисар | 7 | 2 | 9 |
| Кавадарци | 114 | 3 | 117 |
| Кичево | 32 | 0 | 32 |
| Кочани | 37 | 0 | 37 |
| Кратово | 0 | 0 | 0 |
| К.Паланка | 33 | 6 | 39 |
| Крушево | 1 | 0 | 1 |
| Куманово | 53 | 2 | 55 |
| М.Брод | 5 | 0 | 5 |
| Неготино | 12 | 0 | 12 |
| Охрид | 36 | 1 | 37 |
| Прилеп | 87 | 5 | 92 |
| Пробиштип | 48 | 2 | 50 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Радовиш | 125 | 1 | 126 |
| Ресен | 0 | 0 | 0 |
| Св.Николе | 42 | 2 | 44 |
| Скопје | 1313 | 99 | 1412 |
| Струмица | 180 | 14 | 194 |
| Струга | 19 | 0 | 19 |
| Тетово | 31 | 2 | 33 |
| Штип | 80 | 1 | 81 |
| **Вкупно** | **2596** | **151** | **2743** |

Гледано поединечно по центри за социјална работа, според податоците во табела 10 може да се констатира дека постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете **со родител** со кој не живее е поприлично застапена во скоро сите центри, со исклучок на Ресен и Кратово. Од вкупно спроведени 2596 постапки во 2023 година, најмногу или 50% постапки се спровеле во Скопје, потоа во Струмица (7%), Радовиш (5%) и Кавадарци (4%).

Во однос на постапките за видувања на дете **со близок сродник** од податоците се констатира дека бројката на предмети очекувано е помала во однос на уредување на контакти на дете со родител. Во текот на 2023 година вакви постапки се спровеле во 18 центри за социјална работа, и тоа вкупно 151 постапка додека во останатите 11 центри не се евидентирани барања за уредување на контакти на дете со близок сродник. Повторно најмногу (65%) од постапките се воделе во центарот во Скопје, потоа следуваат Струмица (14), Крива Паланка (6), Прилеп (5), Велес (4), Битола (3), Кавадарци (3).

### 2.2.4. Надзор на вршење над родителско право

Центарот за социјална работа е орган за старателство кој спроведува надзор над вршењето на родителското право на родителите. Надзорот над вршење на родителското право на родителот/родителите опфаќа превентивни т.е. корективни и репресивни мерки.

Овие мерки со кои центарот ги задолжува родителите се преземаат со цел подигање на родителските вештини и капацитети и превенција од нивно прогресирање во подлабока родителска негрижа која може да предизвика лоши последици по целокупниот психо-физички развој на децата.

Според податоците за 2023 година во табелата 11 може да се констатира дека мерки од надзор над вршење на родителското право биле применети во 302

предмети во 21 центар за социјална работа, додека во 8 центри не се евидентирани предмети од надзор над вршење на родителско право во извештајната година.

**Табела 11 Преглед на број на предмети во ЦСР со примена на мерки на надзор над вршење на родителско право во 2023 година**

| Центар за социјална работа | Број на предмети |
|---|---|
| Берово | 3 |
| Битола | 23 |
| Валандово | 0 |
| Велес | 3 |
| Виница | 2 |
| Гевгелија | 2 |
| Дебар | 0 |
| Делчево | 4 |
| Д.Хисар | 0 |
| Кавадарци | 4 |
| Кичево | 2 |
| Кочани | 19 |
| Кратово | 0 |
| К.Паланка | 2 |
| Крушево | 2 |
| Куманово | 14 |
| М.Брод | 0 |
| Неготино | 3 |
| Охрид | 2 |
| Прилеп | 4 |
| Пробиштип | 0 |
| Радовиш | 0 |
| Ресен | 1 |
| Св.Николе | 2 |
| Скопје | 196 |
| Струмица | 9 |
| Струга | 0 |
| Тетово | 3 |
| Штип | 2 |
| Вкупно | 302 |

Во ЈУ МЦСР на град Скопје биле спроведени 196 постапки за надзор над вршење на родителско право или 65% од вкупно спроведените постапки за надзор во сите центри во 2023 година. Потоа следуваат центрите: Битола со 23 спроведени

постапки од надзор над вршење на родителско право, Кочани со 19, Куманово 14 и Струмица 9.

### 2.2.5. Согласност за патување на дете во странство

ЦСР постапува по барање на родител за издавање согласност за патување во странство на дете до 14 години, кога детето патува без присуство на родител. Во текот на постапката пред центарот за издавање согласност за патување во странство на дете без присуство на родител, потребно е двата родителa да бидат информирани и да се произнесат по барањето.

Кога двата родитела се согласни детето да патува со трето лице (близок сродник, наставник, тренер сл.), центарот издава потврда за согласност за патување. Кога родителите не се усогласени во ставот за патување на детето во странство, по спроведена проценка, доколку се оцени дека барањето е во интерес на детето, со решение се одобрува детето да патува во странство со трето лице. Доколку се оцени дека патувањето не е во интерес на детето, центар со решение барањето го одбива.

**Табела 12 Преглед на бројот на постапки во ЦСР во 2023 година по барање за согласност за патување на дете во странсттво**

| Центар за социјална работа | Број на постапки |
|---|---|
| Берово | 0 |
| Битола | 2 |
| Валандово | 1 |
| Велес | 4 |
| Виница | 2 |
| Гевгелија | 15 |
| Дебар | 4 |
| Делчево | 4 |
| Д.Хисар | 2 |
| Кавадарци | 0 |
| Кичево | 3 |
| Кочани | 4 |
| Кратово | 0 |
| К.Паланка | 0 |
| Крушево | 4 |
| Куманово | 1 |
| М.Брод | 0 |
| Неготино | 1 |
| Охрид | 14 |
| Прилеп | 3 |

| | |
|---|---|
| Пробиштип | 13 |
| Радовиш | 0 |
| Ресен | 2 |
| Св.Николе | 4 |
| Скопје | 93 |
| Струмица | 1 |
| Струга | 18 |
| Тетово | 15 |
| Штип | 18 |
| **Вкупно** | **228** |

Согласно прегледот прикажан во табелата 12, вкупниот број на овие постапки во 29 центри за социјална работа изнесува 228, од кои во најголем број има во Скопје 40%, потоа во Штип и Струга со 8%, Гевгелија 7% и Охрид 6%, а во шест центри за социјална работа во 2023 година немало барање за согласност за патување на дете во странство.

### 2.2.6. Услуга на советување во ЦСР

Услугата на советување во проблематиката брак и семејство опфаќа подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, советување при развод на брак и семејна медијација. Стручните работници во центарот за социјална работа со примена на различни методи и техники на стручна работа пружаат услуга на советување според принцип на доброволност и соработка со корисниците. Корисници на услугата се брачни/вонбрачни партнери со нарушени односи и семејства со нарушени семејни односи.

**Табела 13 Преглед на бројот на услуги на советување во ЦСР во 2023 година**

| Центар за социјална работа | Услуги на советување | | |
|---|---|---|---|
| | Подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско при нарушени односи | При развод на брак | Вкупно |
| Берово | 0 | 13 | 13 |
| Битола | 350 | 755 | 1105 |
| Валандово | 7 | 12 | 19 |
| Велес | 10 | 82 | 92 |
| Виница | 20 | 20 | 40 |
| Гевгелија | 17 | 43 | 60 |
| Дебар | 4 | 30 | 34 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Делчево | 0 | 0 | 0 |
| Д.Хисар | 15 | 7 | 22 |
| Кавадарци | 110 | 36 | 146 |
| Кичево | 1 | 41 | 42 |
| Кочани | 12 | 48 | 60 |
| Кратово | 10 | 6 | 16 |
| К.Паланка | 5 | 5 | 10 |
| Крушево | 2 | 7 | 9 |
| Куманово | 0 | 212 | 212 |
| М.Брод | 2 | 3 | 5 |
| Неготино | 0 | 45 | 45 |
| Охрид | 25 | 3 | 28 |
| Прилеп | 17 | 510 | 527 |
| Пробиштип | 10 | 16 | 26 |
| Радовиш | 18 | 36 | 54 |
| Ресен | 6 | 9 | 15 |
| Св.Николе | 28 | 50 | 78 |
| Скопје | 214 | 292 | 506 |
| Струмица | 15 | 157 | 172 |
| Струга | 0 | 0 | 0 |
| Тетово | 0 | 15 | 15 |
| Штип | 4 | 61 | 65 |
| Вкупно | 902 | 2514 | 3416 |

Евидентно од податоците во табелата 13 од вкупниот број на услуги на советување 74% се дадени при спроведување на мировна постапка, односно–при развод на брак , а преостанатите се однесуваат на советувања за подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско советување за партнери со нарушени односи.

Најголем број на услуги на советување во 2023 година се реализирани во центрите за социјална работа во Битола (1105), Прилеп (527), Скопје (506), Куманово (212), Струмица (172), Кавадарци (146), Велес (92), додека пак во ЦСР Делчево и ЦСР Струга не се евидентирани услуги на советување.

## 2.3. ДРУГИ ПОСТАПКИ ВО 2023 ГОДИНА ВО КОИ ЦСР ПОСТАПУВА

Другите постапки за кои центарот има надлежност да ги покрене или да учествува, а кои се во поле на следење на постапување на ЈУ Завод за социјални дејности на областа брак и семејство, се однесуваат на барања за согласност за издавање на патна исправа на дете, како и постапување по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на деца и плаќање на издршка.

**Табела 14 Преглед на бројот на други постапки во ЦСР во 2023 година**

| **Други постапки** | |
|---|---|
| Согласност за издавање на патна исправа на дете | 955 |
| Хашка конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување на деца | 27 |
| **Вкупно** | **982** |

### 2.3.1.Постапка за согласност за издавање на патна исправа на дете

Во постапката за согласност за издавање на патна исправа на дете пред центарот за социјална работа двата родитела се изјаснуваат и доколку се процени оправданоста на барањето, односно кога е во интерес на детето центарот доставува до МВР мислење за издавање на патна исправа за дете.

**Табела 15 Преглед на број на постапки во ЦСР во 2023 година за барање согласност за издавање на патна исправа на дете**

| **Центар за социјална работа** | **Број на постапки** |
|---|---|
| Берово | 2 |
| Битола | 11 |
| Валандово | 5 |
| Велес | 57 |
| Виница | 2 |
| Гевгелија | 10 |
| Дебар | 20 |
| Делчево | 16 |
| Д.Хисар | 1 |
| Кавадарци | 17 |
| Кичево | 22 |
| Кочани | 32 |

| | |
|---|---|
| Кратово | 6 |
| К.Паланка | 3 |
| Крушево | 1 |
| Куманово | 61 |
| М.Брод | 3 |
| Неготино | 5 |
| Охрид | 19 |
| Прилеп | 51 |
| Пробиштип | 10 |
| Радовиш | 18 |
| Ресен | 3 |
| Св.Николе | 11 |
| Скопје | 350 |
| Струмица | 52 |
| Струга | 73 |
| Тетово | 53 |
| Штип | 43 |
| **Вкупно** | **955** |

Согласно прегледот прикажан во табелата 15 во секој ЦСР во 2023 година имало ваква постапка, а вкупниот број на овие постапки во 29 центри за социјална работа изнесува 955. Евидентно е дека најголем број од овие постапки биле спроведени во Центарот за социјална работа на град Скопје 37% од вкупниот број, потоа во Струга (8%) и Куманово (6%), додека во Крушево и Демир Хисар имало по една (1) постапка за барање согласност за издавање на патна исправа на дете.

### 2.3.2. Постапки во ЦСР по Хашка конвенција за граѓанските аспекти на меѓународното грабнување на деца

Центар за социјална работа постапува по основ на Хашката конвенција за граѓанско-правните аспекти на меѓународното грабнување на деца по барање на централен извршен орган (МТСП) кога еден од родителите поднел барање за враќање на неговото дете во Р.С. Македонија од другата држава или детето кое се наоѓа на територија на РМ бара да се врати во другата држава каде родителот/барателот живее.

**Табела 16 Преглед на број на предмети во ЦСР во 2023 година во постапка по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на дете и за плаќање на издршка**

| Центар за социјална работа | Број на постапки |
|---|---|
| Берово | 0 |
| Битола | 0 |
| Валандово | 0 |

| | |
|---|---|
| Велес | 0 |
| Виница | 0 |
| Гевгелија | 0 |
| Дебар | 0 |
| Делчево | 1 |
| Д.Хисар | 0 |
| Кавадарци | 1 |
| Кичево | 0 |
| Кочани | 1 |
| Кратово | 0 |
| К.Паланка | 0 |
| Крушево | 0 |
| Куманово | 1 |
| М.Брод | 0 |
| Неготино | 0 |
| Охрид | 1 |
| Прилеп | 1 |
| Пробиштип | 0 |
| Радовиш | 0 |
| Ресен | 0 |
| Св.Николе | 0 |
| Скопје | 20 |
| Струмица | 0 |
| Струга | 0 |
| Тетово | 1 |
| Штип | 0 |
| **Вкупно** | 27 |

Податоците од табелата 16 покажуваат дека во текот на 2023 година имало вкупно 27 постапувања по Хашка конвенција за меѓународно грабнување на дете. Оваа постапка се водела само во осум центри за социјална работа, и тоа во: Скопје 20, и по една постапка во Делчево, Кочани, Прилеп, Охрид, Куманово, Кавадарци и Тетово .

## 3. ЗАКЛУЧОЦИ

Од добиенте податоци за состојба во центрите за социјална работа во 2023 година во делот на постапките од областа на брак и семејство опфатени во извештајот, може да се наведат следните заклучоци:

- Согласно законската регулатива центарот за социјална работа има голем број на овластувања и надлежности за постапување како орган кој одлучува и постапува по барања на суд и други органи. Постапките кои се опфатени во извештајот во поголем обем се во надлежност на центарот што е евидентно од добиените податоци.
- Најголем број на постапки биле спроведени во ЈУ МЦСР на град Скопје.
- *Постапки во судска надлежност во ЦСР во 2023 година:*
    - **Мировната постапка** се водела во секој центар за социјална работа, и тоа вкупно 2585 и тоа од 5 во Кратово до 1062 во Скопје ( 41%).
    - Во 18 центри за социјална работа во извештајната година се постапувало по 87 судски барања за стручна работа со **малолетно лице над 16 години кое сака да склучи брак,** и тоа најмногу во Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје (15%).
    - **Случаи со одземање на родителското право** имало во 7 центри за социјална работа, при што од вкупно 54 постапки, 27 или 50% од постапките биле во ЈУ МЦСР на град Скопје.
- *Постапки во надлежност на центар за социјална работа во 2023 година:*
    - **Стручната помош при нарушени партнерски/брачни/семејни односи** била спроведена во 28 центри за социјална работа, а од вкупно 768 се издвојуваат Скопје (33%) и Струмица (21%). Исклучок е ЈУ МЦСР Велес во кој нема евидентирано вакава постапка.
    - **Постапката за доверување на дете родено во вобрачна заеднца** била спроведена во 21 центар за социјална работа, од кои од вкупно 314 најмногу во Струмица (43%), потоа во Скопје (19%), Куманово (8%), и Штип и Тетово со 5% од вкупниот број на постапки. Карактеристично што бројот на постапки за вонбрачно доверување на дете поголем е во центри во општини во кои е присутно ромско население кое почесто согласно обичајно право и културни обележја живее во вонбрачни заедници.
    - **Постапката за уредување на лични односи и непосредни контакти на дете со родител со кој не живее или близок сродинк** е со најголем број од сите постапки – 2743, од кои 5% се однесува на контакти со близок сродник. Од вкупниот број на постапките 50%

биле спорведени во ЈУ МЦСР на град Скопје, додека во центрите во Кратово и Ресен во 2023 година немало оваа постапка. Значајно е да се напомене дека поради природа на семејни околности во кои ЦСР носи решение за контакти, покрај нови барања во 2023 година, голем дел на постапките биле спроведени и пренесени од претходен период, а се следат и водат на евиденција како активни во извештајната година што ја појаснува поголема бројка во неколку центри за социјална работа во помали општини.

- **Надзорот над вршење на родителското право** било применето во 21 центар за социјална работа со вкупно 302 постапки, од кои 65% се однесува на ЈУ МЦСР на град Скопје;

- **Согласност за патување на дете** со трето лице било спорведено во 23 центри за социјална работа, и тоа вкупно 228 постапки од кои 41% е во ЈУ МЦСР на град Скопје;

- **Услугата на советувањ**е во годишни извештаи на центри за социјална работа поделена е на неколку теми, од кои предмет на извештајот се две за кои е констатирана следната состојба:
  - *советување за подготовка за брак, живот во семејство, родителство, планирање на семејство, брачно/партнерско при нарушени односи со 26% и*
  - *74% советување на брачните партнери при развод.*

Од добиените податоци најголем број на услуги на советување биле реализирани во центрите во Битола (32%) и Прилеп и Скопје со 15%. Во центрите за социјална работа во Делчево и Струга не се евидентирани услуги на советување.

- *Други постапки во кои учествувале центри за социјална работа:*

  - **Согласноста за патна исправа за дете** била водена во сите центри за социјална работа од кои по бројот се издвојува Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје со 37% од вкупниот број,

  - Во 8 центри за социјална работа се постапувало во вкупно 27 предмети по **Хашка конвенција** за меѓународно грабнување на дете, од кои 20 се во ЈУ МЦСР на град Скопје.

## 4. ПРЕПОРАКИ

Согласно законската регулатива и надлежности центрите за социјална работа имаат активна и координативна улога во заштитата на интересите и правата на децата, обезбедуваат помош и заштита на семејството, заштита на правата и интересите на најранливите категории, особено на децата преку примена на соодветни методи на работа и континуирана соработка со други институции во и вон системот за социјална заштита. Како дел од системот за социјална заштита има важна улога на локално ниво во областа на работата со семејства во ризик вклучително и превенција на спречување на појава на проблемите во семејството.

Во рамки на постапувањето има потреба од зајакнување на активности за иницирање, развивање, промовирање и применување превентивни активности и програми како основна активност во координација со останатите партнери во локалната заедница. На тој начин се превенира зголемување на продлабочени и мултиплицирани социјални ризици.

Во спроведување на постапките и услугите во областа на брак и семејство во центрите за социјална работа, покрај исполнување на кадровски и технички потреби, унапредување на квалитетот на услугите да се продолжи преку континуирано надградување на знаењата и вештините на стручните работници и примена на стекнатите знаења, холистички пристап при проценка на степен на ризикот и индивидуален пристап во утврдување и обезбедување на мерки на помош и заштита.

**Изработиле:**

*Советници од Служба за надзор на стручна работа и супервизија*
Аленка Бинички Арсеновскии
Емилија Раткова
Ана Павловска
Билјана Јарчевска